Влада на Република Северна Македонија

Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

# З А П И С Н И К

од Петнаесеттата седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 24.9.2019 година

Скопје, септември 2019 година

З А П И С Н И К
од Петнаесетта седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор,
одржана на 24.9.2019 година

Седницата започна во 13:30 часот, во Клубот на органите на управата, сала 6.

Со седницата претседаваше претседателката на Советот, Фани Каранфилова-Пановска од Фондацијата Отворено општество Македонија Скопје.

На седницата присуствуваа членовите: Сафет Незири, Министерство за образование и наука; Душан Томшиќ, Министерство за труд и социјална политика; Ели Чакар, Министерство за локална самоуправа; Сашо Секуловски, Министерство за животна средина и просторно планирање; Христина Конеска-Бероска, Секретаријат за европски прашања; Сабина Факиќ, Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје; Уранија Пировска, Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје; Мимоза Богданоска-Јовановска, Македонско научно друштво Битола; Ирена Цветковиќ, Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје; Елизабета Божиноска, Здружение на граѓани Х.Е.Р.А. Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје; Лилјана Јоноски, Здружение Рурална коалиција Куманово; Јане Чаловски, Јадро Асоцијација на независната културна сцена Скопје и Силвија Митевска, Здружение за унапредување на меѓусебна доверба Такт Скопје.

На седницата отсуствуваа членовите на Советот: заменичката на претседателката на Советот, Гордана Гапиќ-Димитровска, Министерство за информатичко општество и администрација; Славјанка Петровска, Министерство за внатрешни работи; Валентина Шаурек, Министерство за правда; Софија Кузмановска, Министерство за економија; Андријана Велевска, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Ангелина Бачановиќ, Министерство за здравство; Хајрије Сопи, Министерство за култура; Атула Касуми, Министерство за политички систем и односи помеѓу заедниците; Дарко Каевски, Агенција за млади и спорт; Марјан Николов, Центар за економски анализи; Зоран Илиески, Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп; Марио Јанчев, Здружение на граѓани СОС Детско село Македонија Скопје; Јасна Мандиќ, Здружение на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби Скопје; Бесим Небиу, Здружение на новинарите на Македонија Скопје; Ана Чоловиќ-Лешоска, Здружение Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје и Љупчо Петковски, Здружение на граѓани за истражувања, анализи и развој на јавни политики Евротинк-Центар за европски стратегии Скопје.

На седницата присуствуваа и: Јасминка Ангелова (замена за Славјанка Петровска); Александар Тодоровски (замена за Валентина Шаурек); Весна Б. Синадинова (замена за Анѓелина Бачановиќ); Марина Шаф Радеска (замена за Гордана Гапиќ-Димитровска); Маргарина Матлиевска (замена за Јасна Мандиќ) и претставници од Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат: Сузана Никодијевиќ-Филиповска, Сања Савовска, Елпида Петковска и Загорка Видоевска.

*

*   *

Поради немање потребно мнозинство за одлучување на седницата согласно член 23 став (1) од Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, Советот само се информираше и дискутираше по одделните точки од следниот:

:

ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог-деловник за дополнување на Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

2. Известување за следењето на работата на Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година од членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

3. Отворање на процес на консултации за утврдување на приоритетни области за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година

4. Прашања и предлози

*

* *

**Точка 1**

Предлог-деловникот за дополнување на Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, ќе се разгледа на следната седница на Советот.

**Точка 2**

Јане Чаловски ги информираше присутните членови за работата на Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година и формирањето на Оперативно тело за евалуација на проектите од Огласот за финансиска поддршка на здруженија и фондации за 2019 и истакна дека процесот бил професионален и транспарентен. Дополнително, појасни дека сите четири члена на Оперативното тело поединечно извршиле евалуација на 129 проекти кои ја поминале административната селекција извршена од страна на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат. Исто така, изрази благодарност до Одделението за одлично завршената работа, истакнувајќи декаОперативното тело препорача евалуацијата на Одделението да биде земена предвид, бидејќи истата е квалитетно спроведена и во согласност со критериумите содржани во Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на

здруженија на граѓани и фондации. Ги информираше членовите на Советот дека министерката за труд и социјална политика Мила Царовска, на седница на Комисијата истакна дека има потреба да се направи ревизија на Кодексот. Смета дека Советот може да се вклучи во ревизијата на овој документ. Во продолжение, се осврна на потребната документација за аплицирање на Огласот, детално ги образложи критериумите врз основа на кои била извршена евалуацијата и предложи Одделението да спроведе кратки обуки за идните евалуатори. Тој изрази убедување дека учеството на граѓанските организации преку двајца претставници на Советот во следењето на работата на Комисијата се покажало како доста продуктивно за подобрување на квалитетот на целиот процес на евалуација.

Сабина Факиќ предложи во иднина да се размисли за модификација на критериумите за евалуација, со цел приоритет да биде квалитетот на проектот пред организациската структура и да им се даде можност за учество и на помалите организации.

Претседателката на Советот, Фани Каранфилова-Пановска побара од членовите на Советот кои ја следат работата на Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, по завршувањето на процесот да подготват концизна информација со објаснување на процесот на евалуација (методологија, кој учествувал, одлуката за доделени грантови, области на поддршка, вид на организации и сл.) со цел од истата да произлезат препораки за подобрување на квалитетот на процесот.

**Точка 3**

Дискусијата за утврдување на приоритетни области за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година се одложи за следната седница на Советот.

**Точка 4**

Претседателката на Советот, Фани Каранфилова-Пановска потсети на обврската за изработка на План за комуникација на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор и препорача членовите на Работната група (Ели Чакар; Сабина Факиќ; Ирена Цветковиќ и Павлина Симоновска, претставник од Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје) до следната седница на Советот да предложат Нацрт-план за комуникација на Советот. Исто така, побара Одделението за соработка со невладини организации до членовите на Работната група повторно да ги достави Плановите на комуникација во областите заштита на маргинализираните лица и економски и одржлив развој изработени во 2018 година со поддршка на Канцеларијата за соработка со НВОи на Хрватска.

Уранија Пировска ги информираше присутните членови на Советот дека е одржан конструктивен состанок помеѓу главниот политички преговарач, Бујар Османи

и главниот технички преговарач, Бојан Маричиќ, претставници на Советот и претставници на Националната конвенција за Европска Унија на Република Северна Македонија во врска со Предлог-моделот за вклучување на граѓанските организации во процесот на преговори со Европската Унија. Предлог-моделот бил генерално прифатлив за владините претставници и за истиот Секретаријатот за европски прашања ќе спроведе широк консултативен процес со граѓанските организации.

Претседателката на Советот, Фани Каранфилова-Пановска побара од работната група за изработка на Предлог-моделот за вклучување на граѓанските организации во процесот на преговори со Европската Унија, работниот текст да го достави со сите членови на Советот.

Советот се информираше со Барањето за престанок на членувањето во Советот поднесено од Бесим Небиу, како претставник на областа медиуми и информатичко општество. Дополнително, беше отворено прашањето за престанок на членувањето во Советот на оние кои отсуствувале на три седници, меѓутоа поради немањето мнозинство за одлучување овие прашања беа одложени за следната седница на Советот.

Претседателката на Советот, Фани Каранфилова-Пановска побара информација од Одделението за соработка со невладини организации за можноста за обезбедување на печатени материјали за точките од Дневен ред за сите членови на Советот.

Сузана Никодијевиќ-Филиповска појасни дека Одделението за соработка со невладини организации нема технички можности за обезбедување на печатени копии за сите членови на Советот, укажа дека Дневниот ред со материјалите се јавно достапни на веб страницата на Одделението www.nvosorabotka.gov.mk и членовите можат сами да ги печатат, или на седниците на Советот да користат преносен компјутер или мобилен телефон .

Седницата заврши во 14:50 часот.

Следната седница на Советот ќе се одржи на 28.10.2019 понеделник, со почеток во 11:00 часот.

Претседателка на Советот за соработка со
и развој на граѓанскиот сектор
Фани Каранфилова-Пановска

Подготвила: Загорка Видоевска и Елпида Петковска
Контролирала; Сања Савовска
Одобрила: м-р Сузана Никодијевиќ-Филиповска